**Врз основа на член 22 став 3 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри ("Службен весник на Република Македонија" бр.10/97, 54/97 и 13/2001 и 2/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на ден 03.04.2007 година, донесе**

# О Д Л У К А
# за утврдување на цената за плаќање на лиценци за постојано приредување на игри на среќа

**("Службен весник на РМ" бр.31/01, 17/02 и 46/07)**

**Важи од 13.04.2007 година**

## Член 1

За лиценца со која на трговско друштво се одобрува постојано приредување игри на среќа се утврдуваат на следните цени:

1. За игри на среќа што се приредуваат во играчница со рок на траење од 6 (шест) години 520.000 евра.

2. За игри на среќа што се приредуваат на автомати во автомат клуб со рок на траење од 6 (шест) години 72.800 евра.

3. За интерактивни игри на среќа што се приредуваат во играчница со рок на траење од 6 (шест) години 630.000 евра.

4. За игра на среќа "Томбола" со рок на траење од 3 (три) години 100.000 евра.

5. За игра на среќа "Обложување на спортски натпревари" со рок на траење од 3 (три) години 100.000 евра.

6. За игра на среќа "Обложување на спортски натпревари преку интернет" со рок на траење од 6 (шест) години 500.000 евра.

## Член 2

Износот на цената од претходниот член на оваа одлука, трговското друштво на кого му е издадена лиценца за постојано приредување на игри на среќа е должно да го уплати во еднократен износ и тоа:

- 50% на денот на издавањето на лиценцата;

- остатокот од 50% во еднакви годишни рати најдоцна до 31 јануари во тековната година за секоја година додека трае лиценцата, во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија што се применува на денот на уплатата.

## Член 3

Средствата се уплатуваат на жиро-сметка број 840-62207, надоместок од лиценци од игри на среќа.

## Член 4

Доколку имателот на лиценцата не го уплати определениот износ на лиценцата во утврдениот рок, лиценцата за постојано приредување на игри на среќа се одзема, а претходно уплатените износи не се враќаат.

## Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

**Бр.19-1847/1**
**3 април 2007 година**
**Скопје**

**Заменик на претседател на Владата на РМ**
**м-р Зоран Ставрески, с.р**